Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22, став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 8-та седница одржана на ден 17.02.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1-Куќи со двор, за ГП 13 (КП 6213/1) КО ВЕЛЕС, од ДУП: за МЗ 9 - ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември, Општина Велес

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1-Куќи со двор, за ГП 13 (КП 6213/1) КО ВЕЛЕС, од ДУП: за МЗ 9 - ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември, Општина Велес, согласно Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), со опфат со вкупна површина од 714 $м^2$.

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1-Куќи со двор, за ГП 13 (КП 6213/1) КО ВЕЛЕС, од ДУП: за МЗ 9 - ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП МЗ 9-ти Ноември, Општина Велес, со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес со тех бр 19/25 од Октомври 2025 година, ревидиран од „ИНГРА“ ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. 324/25 од Октомври 2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1-Куќи со двор, за ГП 13 (КП 6213/1) КО ВЕЛЕС, од ДУП: за МЗ 9 - ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември, Општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1014/19
17.02.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Градоначалник;
-Одделение за урбанизам и
-Списи и архива.